ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бул.,,Јане Сандански,, бр.109Б
1000 Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 11-1884/1
20-03-2024 20 __ год.
СКОПЈЕ

До
Министерство за труд и социјална политика
ул.,,Даме Груев,, бр.14,1000 Скопје

**Известување**

Почитувани

Врз основа на член 8 став и член 15 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (,,Службен весник на РСМ бр.6/2012, 166/2014 и 150/2015,како и согласно Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на координаторот за еднакви можности на жените и мажите во единицата на локалната самоуправа (,, Службен весник на РСМ бр.46 од 23.03.2015 година),Општина Аеродром го доставува пополнетиот образец ,,Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности на жените и мажите'' за 2023 година во општина Аеродром со статистички податоци разделени според пол.

Изготвил
Златко Стојчески
Помлад соработник за родова еднаквост

Контролитал-Одобрил
Раководител на Сектор за работи на Градоначалник
Марјан Христов

**Градоначалник на**
**Општина Аеродром**
доц.д-р Тимчо Муцунски

Дата 19.03.2024

Прилог
- Пополнет образец „Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности на жените и мажите" за 2023 година во Општина Аеродром со статистички податоци разделени според пол.
- Програма за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите на Општина Аеродром за 2023 година(Службен гласник на Општина Аеродром решение бр.19 08-10786/1 од 31.12.2022 година)

Доставено до -Архива
-МТСП
-Градоначалник

**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

**ОПШТИНА АЕРОДРОМ-СКОПЈЕ**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | ОПШТИНА АЕРОДРОМ |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Златко Стојчески - Помлад соработник за родова еднаквост |
| **Период на известување** | 01.01.2023 - 31.12.2023 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 19.03.2024 година |

**Име и презиме** (**Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**
**доц. д-р Тимчо Муцунски-Градоначалник на Општина Аеродром**

**Дата,19. 03.2024 г.**

**Потпис:**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

**Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот) :**

**Потпис:**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ :

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

Општина Аеродром има превземено Програмски мерки.

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

1.Финансиска поддршка на училишен спорт.
2.Финансиска помош за сите новороденчиња и првачиња на територијата на Општина Аеродром.
3.Еднократна парична награда на сите најдобри ученици и наставници во основните училишта.
4.Користење на тениски терени од страна на жителите на Општина Аеродром.
5.Набавка на таблет-уреди за основните училишта.
6.Општина Аеродром постави зона на смирен сообраќај.
7.Парична помош за физички лица и семејства во социјален ризик.
8.Општина Аеродром реконструира два повеќенаменски спортски терени, со современи терени.
9.Меѓународен Фестивал „Гола Месечина".
10.Пристапен лифт за дечиња со ПОП.
11.Изведба на ново игралиште за фудбал, кошарка и ракомет.

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

1. Училишниот спорт позитивно влијае на растот и развојот на младите и целта е поголемо вклучување на младите училишни генерации во разновидни спортски активности. Овој проект има за цел кај децата од најмала возраст (ученици од прво одделение) и децата со ПОП да создаде навика за здрав начин на живот, правилен раст и развој, учење на правилно пливање под надзор на сертифицирани стручни лица (тренери по пливање).
2. Финансиска помош за новороденчиња изнесува 8.000,00 денари, а за првачиња 3.500,00 денари.
3. Доделување на еднократна парична награда за ученик на генерација и најдобар наставник со износ од 10.000,00 денари од секое основно училиште во Општина Аеродром.
4. Како и секоја година така и изминатата 2023 година, Општина Аеродром им овозможи на своите жители бесплатно да користат тениски терени.
5. Набавката на таблет-уреди е со цел подобрување на воспитно образовниот процес на учениците во четврто одделение и подигнување на нивото на предавањето на наставните содржини и дигитализација на нивната содржина.
6. Со поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација се постигна смирување на сообраќајот пред основното училиште „Гоце Делчев" во Горно Лисиче, дополнително околу училиштето се постави заштитна ограда.
7. Доделување на еднократна парична помош за лекување со износ од 3.500,00 денари и еднократна парична помош за различни состојби кај деца со износ од 6.500,00 денари.
8. Со реконструирањето на повеќенаменските спортски терени во ООУ „Љубен Лапе" децата ќе имаат можност да практикуваат широк спектар на спортски активности, да ги истражуваат своите вештини и да откриваат нови спортски таленти.
9. Секоја година Општина Аеродром во насока на културното живеење за своите жители организира меѓународен културен Фестивал, насловен „Гола Месечина". Карактеристично за овој Фестивал е тоа што се одржува под ведро небо.
10. Основното училиште „Лазо Ангеловски" доби нов пристапен лифт наменет за учениците со ПОП, со кој ќе им се овозможи нормално движење на овие дечиња.

11. Со изведбата на повеќенаменскиот комплекс кој се наоѓа на ул.Тодор Чангов од депонија денес е претворена во модерен и современ комплекс со содржини наменети за сите генерации.

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

1. Финансиската поддршка на училишниот спорт е од голема важност за здрава млада популација, која треба да размислува и да работи за доброто на општината. Општината ги подржа преку Општинскиот сојуз на училишен спорт. Во текот на 2023 година во училишните спортови биле запишани 593 ученици од кои 262 девојчиња (44,18%) и 331 машки (55,82%). Проектот за правилно пливање ги опфати сите 832 деца од прво одделение од сите основни училишта кои се наоѓаат на територијата на Општина Аеродром од кои девојчиња 416 и машки 416, деца со ПОП 171 од кои девојчиња 46 и машки 125.

2. Во текот на 2023 година Општина Аеродром има исплатено финансиска помош на 713 првачиња, а корисници на финансиски средства се 415 жени и 298 мажи.
Во текот на 2023 година Опшина Аеродром има исплатено финансиска помош за 610 новороденчиња. Корисници на финансиските средства биле 350 жени и 260 мажи.

3. По претходно доставен предлог од страна на основите училишта и по донесена Одлука на Советот на Општина Аеродром 8 ученици добија еднократна парична награда од кој женски 5, машки 3, а парична награда за најдобар наставник добија 8 од кои жени 7 и мажи 1.

4. Во текот на 2023 година тениските терени ги користеле 1659 жители од кои жени биле 480 (29%) и мажи 1179 (71%), за разлика од 2022 година зголемен е процентот на кориснички за 9% , а намалување кај мажите за 9%.

5. Проектот за набавка на таблет-уред беше транспарентно објавен преку јавен повик и ги опфати сите деца од четврто оделение, од вкупно 841 ученици девојчиња 373 и машки 468. Целта на овој Проект е да обезбедиме еднакви услови за успех на сите ученици и во време на дигитална трансформација да се модернизира образованието.

6. Новата сигнализација ќе ја зголеми безбедноста на жителите од Општина Аеродром и на учениците кои се вкупно 701, женски 327 (46,65%) и машки 374 (53,35%) кои учат во основното училиште „Гоце Делчев“ во Горно Лисиче. На ова подрачје редовно се случуваа сообраќајни незгоди поради непостоење на сигнализација.

7. Финансиска помош за лекување во текот на 2023 година беше спроведена според правилник со поднесени барања од кои беа одобрени 63, од кои жени биле 45 и мажи 18. Исто така финансиска помош за различни состојби кај деца со поднесени барања беа одобрени 39, од кои жени биле 30 и мажи 9.

8. Со реконструирањето на повеќенаменските спортски терени на ООУ „Љубен Лапе“ ќе имаат корист вкупно 1268 ученици од кои женски 641 (50,55%) и машки 627 (49,45%), што ќе биде почетна точка за уште многу спортски таленти.

9. Меѓународниот Фестивал „Гола Месечина“ предизвика голем интерес кај жителите на Општина Аеродром. Вкупната посетеност на овој Фестивал во бројки беше 1490, од кои 905 жени и 585 мажи. Што значи дека културните настани предизвикуваат зголемен интерес кај жените.

10. Со поставување на лифт за дечињата со ПОП вкупно 29 деца, од кои за девојчиња 4 и машки 25 се отстрануваат сите бариери за да можат максимално да ги достигнат своите можности во процесот на воспитување и образование. Инклузивното образование подразбира квалитетно образование за сите.

11. Со изведбата на повеќенаменскиот комплекс се подобрија условите за спортување, а посетеноста се зголемува секојдневно, со што девојчињата и момчињата во овој дел на општината имаат исти можности за спорт и рекреација како другите дечиња од општината.

---

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**
Секој сектор во општината води посебно своја сопствена статистика и координаторот за еднакви можности ги прибира податоците од нив.

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС :**
Општина Аеродром секоја година прави Програма, Буџет и Акционен план. Општината има и Стратегија (2021-2025). Сите овие документи ги има објавено на веб страната на општината.

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**
Мерењето на успешноста на иницијативите можат да се видат од 2.4 од овој Извештај.

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**
Не можат да се определат аутпут индикатори во сите активности.

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**
За успешноста на иницијативите има објави на сајтот на Општина Аеродром. На територијата на Општина Аеродром има 11 урбани заедници со околу 10 вработени кои се во редовен контакт со жителите на општината и ги имаат сите потребни информации, т.е нивни барања и потреби и истите се проследуваат до Општината и се превземаат потребни мерки за решавање на проблемите доколку ги има.

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**
Во текот на 2023 година Општина Аеродром ја продолжи соработката со телото на Организацијата на Обединетите Нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women), соработува со социјалните партнери и невладините организации кои се активни на полето на еднаквите можности на мажите и жените.

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**
*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

Архивата на општина Аеродром т.е. базата на податоци не е разделана по пол.
Секторите во општината си имаат база на податоци. Во прилог се доставени статистички податоци разделени според полот, кои се однесуваат за Општина Аеродром за 2023 година (за општинската администрација,членовите на Советот на Општината,основните училишта, градинките и за жителите на Општината. Истата база секоја година се ажурира и дополнува со нови податоци.

| |
|---|
| **2.12.Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?**<br>Општина Аеродром има Акциски план. |
| **2.13.Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**<br>**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**<br>**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**<br>**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**<br>**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?** |
| **2.14.Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**<br>Надлежноста и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација во Општина Аеродром. |
| **2.15.Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:**<br>**а) слушател/слушателка**<br>**б) обучувач/обучувачка**<br>Координаторката за еднакви можности на обуките се јави како слушателка. |

2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**

1. Обука за „Користење на е-платформата на ЗЕЛС за родово разделени податоци и презентација на новиот формат на Европската повелба за родова еднаквост".
2. Обука за „Зајакнување на владеење на правото и човековите права во Република Северна Македонија".
3. Учество на Конференција за меѓународниот ден на жената „Жените и дигитализацијата-надминување на бариерите, отворање можности за унапредување на родовата еднаквост".

**2.17. . Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете**

- Во неврзан разговор со колегите и колешките се обидувам на ненаметлив начин да ги запознаам со родовата еднаквост преку разни секојдневни примери.
- Состаноци со интерсекторската група на кои се разговара и се предлагаат мерки за родово сензитивни прашања.

**2.18.Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**

За 2023 година беа планирани повеќе активности,

- План за финансирање на феминистичка култура
- Воведување на критериуми за селекција и унапредување при вработување и кариерен развој кои се родово сензитивни
- Едукација – подигање на свеста за родовата еднаквост преку кампања и едукација
- Промоција на родовата еднаквост преку користење на родов јазик
- Промоција на родовата еднаквост преку обуки за намалување на сексизам

2.19.**Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**

Сите инивцијативи беа усвоени од ЕЛС

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

Добрата и сихронизирана соработка на Координаторката за еднакви можности со КЕМ и Интерсекторската група за еднакви можности на Општината во текот на 2023 година.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

Ефектите на состаноците, обуките и работилниците со физичко присуство се неспоредливи со виртуелните состаноци кои се актуели последниве години.

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

-Едукација-подигнување на свеста за родова еднаквост
-План за финансирање на феминистичка култура
-Воведување на критериуми за селекција и унапредување на кариерен развој кои се родово сензитивни
-Изработка на упатство за вработени за користење на родов јазик

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**
КЕМ на Советот на Општина Аеродром формирана е во 2005 година(07-28/2)

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол - 2 се** од женски пол и 3 се од машки пол од кој еден е претседател на комисијата.

**б) Образование-** 5 члена се со високо образование.

**в) Етничка припадност-** 5 члена Македонци.

**г) Припадност на политичка партија** -3 членови од ВМРО-ДПМНЕ, 1 член од СДСМ, 1член од Левица.

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа -ДА**

**б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа-ДА**

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа-ДА**

На сите работните состаноци на Координаторот за еднакви можности и Претседателот на комисијата за еднакви можности беше вклучен и покажа посебен интерес за имплементација на родовата еднаквост во општината, како и сите останати членови на комисијата.

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?**
Комисијата соработува со Координаторката за еднакви можности и истата има голема поддршка од неа.

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**-Комисијата заедно со Координаторот ја прават Годишната програма на општината.

**5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Во текот на 2023 година КЕМ со координаторката имаше неколку состаноци.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

-Подобра меѓуопштинска соработка поради размена на идеи и искуства

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Подобра соработка со секторите како и неопходно вклучување и обука за родова еднаквост на целокупната администрација, целокупниот кадар во основните училишта и градинките на локално ниво, со цел сузбивање на родовите стереотипи, градење култура на недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет како полесно би ја имплементирале родовата еднаквост во своите програми.

## Табеларни прикази на статистички податоци разделени според пол за Општина Аеродром за 2023 година

**Табела 1: Демографска структура на резидентно население во Општина Аеродром разделена по пол**

| | Пол | | В к у п н о (%) |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на жители во Општината | 40.582 | 37.153 | 77.735 |
| Процент на жители во Општината (%) | 52,20% | 47,80% | 100% |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2021 година.

**Табела 2: Вкупно резидентно население според етничка припадност во Општина Аеродром разделена по пол**

| Етничка припадност | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Македонци | 34.940 (52,74%) | 31.305 (47,26%) | **66.245** |
| Албанци | 445 (52,30%) | 406 (47,70%) | **851** |
| Турци | 226 (48,70%) | 238 (51,30%) | **464** |
| Роми | 221 (48,15%) | 238 (51,85%) | **459** |
| Власи | 331 (50,77%) | 321 (49,23%) | **652** |
| Срби | 1.045 (48,49%) | 1.110 (51,51%) | **2.155** |
| Бошњаци | 205 (50,87%) | 198 (49,13%) | **403** |
| Други неспомнати | 564 (48,75%) | 593 (51,25%) | **1.157** |
| Не се изјасниле | 31 (50,00%) | 31 (50,50%) | **62** |
| Непознато | 21 (53,85%) | 18 (46,15%) | **39** |
| Лица за кои податоците се превземени од административни извори | 2.695 (51,35%) | 2.553 (48,65%) | **5.248** |
| В к у п н о | **40.582** | **37.153** | **77.735** |
| Процент % | **52,20%** | **47,80%** | **100%** |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2021 година.

**Табела 3: Структура на резидентно население во Општина Аеродром според највисок степен на образование разделена по пол, за лица на возраст од 15 и повеќе години**

| Степена на образование | Пол | | В к у п н о (%) | |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Без образование | 100 | 39 | 139 | 0,21% |
| Незавршено основно образование | 316 | 96 | 412 | 0,63% |
| Основно образование | 3.546 | 2.190 | 5.736 | 8,80% |
| Средно образование | 15.709 | 16.535 | 32.244 | 49,45% |
| Високо образование | 11.801 | 9.512 | 21.313 | 32,68% |
| Магистратура | 2.157 | 1.450 | 3.607 | 5,53% |
| Докторат | 392 | 400 | 792 | 1,21% |
| Непознато | 507 | 459 | 966 | 1,49% |
| В к у п н о | 34.528 | 30.681 | 65.209 | 100% |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2021 година.

**Табела 4: Старосна структура на резидентно население во Општина Аеродром разделени по пол**

| Возраст по категории | Пол | | | | В к у п н о | Вкупно % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Женски | % | Машки | % | | |
| 0 – 19 години | 7.820 | 19,26% | 8142 | 21,91% | 15.962 | 20,53% |
| 20-39 години | 10.027 | 24,70% | 9.527 | 25,65% | 19.554 | 25,16% |
| 40-59 години | 11.277 | 27,79% | 10.612 | 28,57% | 21.889 | 28,16% |
| 60-79 години | 10.158 | 25,03% | 7.837 | 21,10% | 17.995 | 23,15% |
| 80-100+ години | 1.309 | 03,22% | 1.026 | 02,77% | 2.335 | 03,00% |
| Вкупно | 40.582 | 100% | 37.153 | 100% | 77.735 | 100% |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2021 година, каде што се прикажани во повеќе категории.

**Табела 5: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 10 и повеќе години, разделени по пол и по писменост**

| Вкупно | | | Мажи | | | Жени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| писмени | неписмени | непознато | писмени | неписмени | непознато | писмени | неписмени | непознато |
| 64.139 (98,36%) | 104 (0,16%) | 966 (1,48%) | 30.188 (98,24%) | 34 (0,11%) | 507 (1,65%) | 3.3951 (98,47%) | 70 (0,20%) | 459 (1,33%) |
| | | | 100% | | | 100% | | |
| 65.209 (100%) | | | 30.729 (47,12%) | | | 34.480 (52,88%) | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2021 година.

**Табела 6: Структура на работоспособно население во Општина Аеродром на возраст од 15 и повеќе години, според активноста – <u>вкупно</u>**

| | Вкупно | Економски активни | | | Економски неактивни | Непознато |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | сѐ | вработени | невработени | | |
| Општина Аеродром | 65.209 (100%) | 37.462 (57,45%) | 35.269 (94,15%) | 2.193 (05,85%) | 26.873 (41,58%) | 874 (02,33%) |
| | | | 100% | | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2021 година.

**Табела 7: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 15 и повеќе години, според активноста - <u>мажи</u>**

| | Вкупно | Економски активни | | | Економски неактивни | Непознато |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | сѐ | вработени | невработени | | |
| Општина Аеродром | 30.729 (100%) | 18.594 (60.51%) | 17.430 (93,74%) | 1.164 (06,26%) | 11.679 (38,00%) | 456 (01,49%) |
| | | | 100% | | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2021 година.

**Табела 8: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 15 и повеќе години, според активноста – <u>жени</u>**

<table>
<tr><td rowspan="3">Општина Аеродром</td><td rowspan="2">В к у п н о</td><td colspan="3">Економски активни</td><td rowspan="2">Економски неактивни</td><td rowspan="2">Непознато</td></tr>
<tr><td>сѐ</td><td>вработени</td><td>невработени</td></tr>
<tr><td>34.480 (100%)</td><td>18.868 (54.72%)</td><td>17.839 (94.55%)<br>100%</td><td>1.029 (05.45%)</td><td>15.194 (44.07%)</td><td>418 (1.21%)</td></tr>
</table>

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2021 година.

**Структура на невработено население во Општина Аеродром разделена според пол и други карактеристики**

**Табела 9: Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол и националност**

| Национална припадност | Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | **Жени** | **Мажи** | **Вкупно** |
| Македонци | 387 | 314 | **701** |
| Албанци | 30 | 24 | **54** |
| Турци | 3 | 0 | **3** |
| Роми | 19 | 12 | **31** |
| Срби | 7 | 5 | **12** |
| Власи | 0 | 1 | **1** |
| Бошњаци | 1 | 1 | **2** |
| Други | 2 | 2 | **4** |
| В к у п н о | **449** | **359** | **808** |
| Процент % | **55,57%** | **44,43%** | **100%** |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РСМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2023 година).

**Табела 10: Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол и школска подготовка**

| Степен на образование | Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | **Жени** | **Мажи** | **Вкупно** |
| Без образование и со основно образование | 83 | 69 | **163** |
| Непотполно средно образование | 49 | 68 | **117** |
| Завршено средно образование | 166 | 134 | **300** |
| Више образование | 8 | 8 | **16** |
| Високо образование | 128 | 74 | **202** |
| Магистри на науки | 15 | 5 | **20** |
| Доктори на науки | 0 | 1 | **1** |
| Вкупно | **449** | **359** | **808** |
| Процент % | **55,57%** | **44,43%** | **100%** |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РСМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2023 година).

**Табела 11: Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол и возраст**

| Возраст | Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| од 15-19 год. | 5 | 6 | **11** |
| од 20-24 | 40 | 30 | **70** |
| од 25-29 | 36 | 27 | **63** |
| од 30-34 | 37 | 25 | **62** |
| од 35-39 | 55 | 36 | **91** |
| од 40-44 | 58 | 28 | **86** |
| од 45-49 | 46 | 35 | **81** |
| од 50-54 | 48 | 48 | **96** |
| од 55-59 | 65 | 43 | **108** |
| 60 и повеќе | 59 | 81 | **140** |
| Вкупно | 449 | 359 | **808** |
| Процент % | **55,57%** | **44,43%** | **100%** |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РСМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2023 година).

**Табела 12: Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол и време на чекање на вработување**

| Време на чекање | Преглед на невработени лица (активни баратели на работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| под 1 месец | 59 | 40 | **99** |
| од 1 до 5 мес. | 110 | 100 | **224** |
| од 6 до 11 мес. | 61 | 49 | **110** |
| од 12 до 17 мес. | 32 | 26 | **58** |
| од 18 до 23 мес. | 15 | 6 | **21** |
| 2 години | 30 | 17 | **47** |
| 3 години | 32 | 27 | **59** |
| 4 години | 34 | 20 | **54** |
| 5 до 7 години | 27 | 30 | **57** |
| 8 години и повеќе | 35 | 44 | **79** |
| В к у п н о | **449** | **359** | **808** |
| Процент % | **55,57%** | **44,43%** | **100%** |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РСМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2023 година).

**Табела 13: Преглед на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) според пол и националност**

| Национална припадност | Преглед на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| Македонци | 511 | 396 | **907** |
| Албанци | 14 | 15 | **29** |
| Турци | 0 | 4 | **4** |
| Роми | 5 | 7 | **12** |
| Срби | 14 | 9 | **23** |
| Власи | 0 | 1 | **1** |
| Бошњаци | 2 | 4 | **6** |
| Други | 10 | 2 | **12** |
| В к у п н о | **556** | **438** | **994** |
| Процент % | **55,94%** | **44,06%** | **100%** |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РСМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2023 година).

**Табела 14: Преглед на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) според пол и школска подготовка**

| Степен на образование | Преглед на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| Без образование и со основно образование | 52 | 77 | **129** |
| Непотполно средно образование | 101 | 99 | **200** |
| Завршено средно образование | 238 | 172 | **410** |
| Више образование | 10 | 7 | **17** |
| Високо образование | 143 | 75 | **218** |
| Магистри на науки | 11 | 7 | **18** |
| Доктори на науки | 1 | 1 | **2** |
| В к у п н о | **556** | **438** | **994** |
| Процент % | **55,94%** | **44,06%** | **100%** |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РСМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2023 година).

**Табела 15: Преглед на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) според пол и возраст**

| Возраст | Преглед на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| од 15-19 год. | 2 | 4 | **6** |
| од 20-24 | 17 | 31 | **48** |
| од 25-29 | 41 | 44 | **85** |
| од 30-34 | 33 | 33 | **66** |
| од 35-39 | 42 | 23 | **65** |
| од 40-44 | 47 | 41 | **88** |
| од 45-49 | 77 | 53 | **130** |
| од 50-54 | 98 | 63 | **161** |
| од 55-59 | 114 | 65 | **179** |
| 60 и повеќе | 85 | 81 | **166** |
| В к у п н о | 556 | 438 | **994** |
| Процент % | **55,94%** | **44,06%** | **100%** |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РСМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2023 година).

**Табела 16: Преглед на невработени лица  кои бараат работа, според пол и националност**

| Национална припадност | Преглед на невработени лица кои бараат работа, според пол | | |
|---|---|---|---|
| | **Жени** | **Мажи** | **Вкупно** |
| Македонци | 898 | 704 | **1.602** |
| Албанци | 44 | 39 | **83** |
| Турци | 3 | 4 | **7** |
| Роми | 24 | 19 | **43** |
| Срби | 21 | 14 | **35** |
| Власи | 0 | 2 | **2** |
| Бошњаци | 3 | 5 | **8** |
| Други | 4 | 12 | **16** |
| В к у п н о | **997** | **799** | **1796** |
| Процент % | **55,52%** | **44.48%** | **100%** |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РСМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2023 година).

**Табела 17: Преглед на невработени лица кои бараат работа, според пол и школска подготовка**

| Степен на образование | Преглед на невработени лица + други лица кои бараат работа, според пол | | |
|---|---|---|---|
| | **Жени** | **Мажи** | **Вкупно** |
| Без образование и со основно образование | 135 | 146 | **281** |
| Непотполно средно образование | 150 | 167 | **317** |
| Завршено средно образование | 404 | 306 | **710** |
| Више образование | 18 | 15 | **33** |
| Високо образование | 271 | 149 | **420** |
| Магистри на науки | 26 | 12 | **38** |
| Доктори на науки | 1 | 2 | **3** |
| В к у п н о | **1.005** | **797** | **1.802** |
| Процент % | **55,78%** | **44,26%** | **100%** |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РСМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2023 година).

**Табела 18: Преглед на невработени лица кои бараат работа, според пол и возраст**

| Возраст | Преглед на невработени лица + други лица кои бараат работа, според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| од 15-19 год. | 7 | 10 | **17** |
| од 20-24 | 57 | 61 | **118** |
| од 25-29 | 77 | 71 | **148** |
| од 30-34 | 70 | 58 | **128** |
| од 35-39 | 97 | 59 | **156** |
| од 40-44 | 105 | 69 | **174** |
| од 45-49 | 123 | 88 | **211** |
| од 50-54 | 146 | 111 | **257** |
| од 55-59 | 179 | 108 | **287** |
| 60 и повеќе | 144 | 162 | **306** |
| В к у п н о | **1.005** | **797** | **1802** |
| Процент % | **55,78%** | **44,26%** | **100%** |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РСМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2023 година).

**Табела 19: Преглед на невработени лица + други лица кои бараат работа, според пол и време на чекање на вработување**

| Време на чекање | Преглед на невработени лица + други лица кои бараат работа, според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| под 1 месец | 59 | 40 | **99** |
| од 1 до 5 мес. | 110 | 100 | **224** |
| од 6 до 11 мес. | 61 | 49 | **110** |
| од 12 до 17 мес. | 32 | 26 | **58** |
| од 18 до 23 мес. | 15 | 6 | **21** |
| 2 години | 30 | 17 | **47** |
| 3 години | 32 | 27 | **59** |
| 4 години | 34 | 20 | **54** |
| 5 до 7 години | 27 | 30 | **57** |
| 8 години и повеќе | 35 | 44 | **79** |
| В к у п н о | **449** | **359** | **808** |
| Процент % | **55,57%** | **44,43%** | **100%** |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РСМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2023 година).

**Табела 20: Структура на членовите на Советот на Општина Аеродром**

| | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Број на советници/чки | **11** | **16** | **27** |
| Процент на советници/чки (%) | **40,74%** | **59,26%** | **100%** |

**Табела 21: Учество на жените советнички во телата на одлучување во Советот на Општина Аеродром**

| **Претседатели на Комисии во Советот на Општината** | | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| Претседатели на Комисии | **6** | **6** | **12** |
| Процент на претседатели на Комисии (%) | **50%** | **50%** | **100%** |

**Табела 22: Состав на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Советот на Општина Аеродром**

| | Жени | Мажи |
|---|---|---|
| Претседател на КЕМ | | **1** |
| Членови на КЕМ | **2** | **2** |
| Вкупно | **2** | **3** |
| Процент % | **40%** | **60%** |

**Табела 23: Структура на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите според степенот на образованието**

| | **Образование** | |
|---|---|---|
| | ССС | ВСС |
| Претседател на КЕМ | | 1 |
| Членови на КЕМ | | 4 |
| Вкупно | | **5** |
| Процент % | **0%** | **100%** |

**Табела 24: Структура на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите според возраста**

| КЕМ | Возраст (години) |
|---|---|
| Претседател на КЕМ | **56** |
| Член на КЕМ | **51** |
| Член на КЕМ | **51** |
| Член на КЕМ | **40** |
| Член на КЕМ | **41** |
| Просечна возраст | **47,8** |

**Табела 25: Координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Аеродром**

| | Пол | Образование | Возраст (години) |
|---|---|---|---|
| Координатор | **Женски** | **ВСС** | **61** |

**Табела 26: Структура на вработените административни службеници во Општина Аеродром разделени по пол**

| | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на вработени | 64 | 29 | **93** |
| Процент на вработени (%) | **68,82%** | **31,18%** | **100%** |

**Табела 27: Структура на раководители на сектори и одделенија од вработените административни службеници во Општина Аеродром разделена по пол**

| | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на раководители | 7 | 11 | **18** |
| Секретар на ОА | 1 | | **1** |
| Вкупно | **8** | **11** | **19** |
| Процент % | **42,11%** | **57,89%** | **100%** |

**Табела 28: Табела со податоци разделени според пол за бројот на секретарите во урбаните/месните заедници на територијата на општина Аеродром** (овие лица се дел од општинската администрација, вработени во Општина Аеродром и се вкалкулирани во табелата **број 26** во која е прикажан вкупниот број на вработени лица во Општина Аеродром)

| Име на урбана/месна заедница | Пол на секретарите | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| УЗ Горно Лисиче Север | 1 | | **1** |
| УЗ Острово | 1 | | **1** |
| УЗ Бисер | 1 | | **1** |
| УЗ Ново Лисиче | 1 | | **1** |
| УЗ Мичурин | | | |
| УЗ Горно Лисиче Запад | 1 | | **1** |
| МЗ Долно Лисиче | | 1 | **1** |
| УЗ Стар Аеродром | | 1 | **1** |
| УЗ Јане Сандански | | 1 | **1** |
| УЗ Населба Лисиче | | 1 | **1** |
| УЗ Горно Лисиче Југ | 1 | | **1** |
| Вкупно | **6** | **4** | **10** |
| Процент % | **60%** | **40%** | **100%** |

**Табела 29: Број на ученици во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ООУ „Блаже Конески“ | 465 | 506 | **971** |
| ООУ „Браќа Миладиновци“ | 289 | 289 | **578** |
| ООУ „Љубен Лапе“ | 641 | 627 | **1.268** |
| ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 509 | 499 | **1.008** |
| ООУ „Лазо Ангеловски“ | 722 | 803 | **1525** |
| ООУ „Димитар Македонски“ | 267 | 294 | **561** |
| ООУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 327 | 374 | **701** |
| ООУ „Александар Македонски“ | 379 | 326 | **705** |
| В к у п н о | **3.599** | **3.718** | **7.317** |
| Процент % | **49,19%** | **50,81%** | **100%** |

**Табела 30: Број на ученици со посебни образовни потреби (ПОП) во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ООУ „Блаже Конески“ | 6 | 19 | **25** |
| ООУ „Браќа Миладиновци“ | 2 | 12 | **14** |
| ООУ „Љубен Лапе“ | 5 | 9 | **14** |
| ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 19 | 29 | **48** |
| ООУ „Лазо Ангеловски“ | 4 | 25 | **29** |
| ООУ „Димитар Македонски“ | 2 | 15 | **17** |
| ООУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 3 | 9 | **12** |
| ООУ „Александар Македонски“ | 5 | 7 | **12** |
| В к у п н о | **46** | **125** | **171** |
| Процент % | **26,90%** | **73,10%** | **100%** |

**Табела 31: Број на ученици од основните училишта кои учествувале на спортски натпревари организирани преку Училишни спортски клубови, разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ООУ „Блаже Конески“ | 18 | 20 | **38** |
| ООУ „Браќа Миладиновци“ | 15 | 1 | **16** |
| ООУ „Љубен Лапе“ | 62 | 84 | **146** |
| ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 85 | 120 | **205** |
| ООУ „Лазо Ангеловски“ | 36 | 36 | **72** |
| ООУ „Димитар Македонски“ | 14 | 0 | **14** |
| ООУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 10 | 40 | **50** |
| ООУ „Александар Македонски“ | 22 | 30 | **52** |
| В к у п н о | **262** | **331** | **593** |
| Процент % | **44,18%** | **55,82%** | **100%** |

**Табела 32: Број на вработени лица во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ООУ „Блаже Конески“ | 72 | 10 | **82** |
| ООУ „Браќа Миладиновци“ | 61 | 09 | **70** |
| ООУ „Љубен Лапе“ | 87 | 12 | **99** |
| ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 76 | 12 | **88** |
| ООУ „Лазо Ангеловски“ | 110 | 19 | **129** |
| ООУ „Димитар Македонски“ | 57 | 6 | **63** |
| ООУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 59 | 11 | **70** |
| ООУ „Александар Македонски“ | 54 | 09 | **63** |
| В к у п н о: | **576** | **88** | **664** |
| Процент % | **86,75%** | **13,25%** | **100%** |

**Табела 33: Број на членови во Училиштен одбор во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ООУ „Блаже Конески“ | 5 | 2 | **7** |
| ООУ „Браќа Миладиновци“ | 6 | 1 | **7** |
| ООУ „Љубен Лапе“ | 5 | 2 | **7** |
| ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 6 | 3 | **9** |
| ООУ „Лазо Ангеловски“ | 6 | 1 | **7** |
| ООУ „Димитар Македонски“ | 4 | 3 | **7** |
| ООУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 6 | 1 | **7** |
| ООУ „Александар Македонски“ | 6 | 1 | **7** |
| В к у п н о: | **44** | **14** | **58** |
| Процент % | **75,86%** | **24,14%** | **100%** |

**Табела 34: Број на членови во Совет на родители во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ООУ „Блаже Конески“ | 29 | 5 | **34** |
| ООУ „Браќа Миладиновци“ | 18 | 8 | **26** |
| ООУ „Љубен Лапе“ | 36 | 10 | **46** |
| ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 30 | 11 | **41** |
| ООУ „Лазо Ангеловски“ | 40 | 16 | **56** |
| ООУ „Димитар Македонски“ | 21 | 4 | **25** |
| ООУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 22 | 08 | **30** |
| ООУ „Александар Македонски“ | 25 | 2 | **27** |
| В к у п н о: | **221** | **64** | **285** |
| Процент % | **77,54%** | **22,46%** | **100%** |

**Табела 35: Број на деца во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 776 | 785 | **1.561** |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 662 | 619 | **1.281** |
| В к у п н о: | **1.438** | **1.404** | **2.842** |
| Процент % | **50,60%** | **49,40%** | **100%** |

**Табела 36: Број на вработени лица во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 156 | 12 | **168** |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 149 | 11 | **160** |
| В к у п н о: | **305** | **23** | **328** |
| Процент % | **92,99%** | **7,01%** | **100%** |

**Табела 37: Број на членови во Управен одбор во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 4 | 3 | **7** |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 6 | 0 | **6** |
| В к у п н о: | **10** | **3** | **13** |
| Процент % | **76,92%** | **23,08%** | **100%** |

**Табела 38: Број на членови на Совет на родители во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 3 | 1 | **4** |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 4 | 1 | **5** |
| В к у п н о: | **7** | **2** | **9** |
| Процент % | **78%** | **22%** | **100%** |

**Табела 39: Податоци разделени според пол за бројот на директори во основните училишта што се наоѓаат на територијата на Општина Аеродром**

| Број на директори во основни училишта | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | **7** | **1** | **8** |
| Процент % | **87,50%** | **12,50%** | **100%** |

**Табела 40: Податоци разделени според пол за бројот на директори во детските градинки што се наоѓаат на територијата на Општина Аеродром**

| Број на директори во детски градинки | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | **2** | **0** | **2** |
| Процент % | **100%** | **0%** | **100%** |

**Табела 41: Податоци разделени според пол за бројот на новороденчиња кои добиле решение за еднократна парична помош од Општина Аеродром**

| Број на новороденчиња | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | 281 | 331 | **612** |
| Процент % | **45,92%** | **54,08%** | **100%** |

* Податоците прикажани во табелата се обработени заклучно со 31.12.2023 година.

**Табела 42: Податоци разделени според пол за бројот на родители на новороденчињата на чија трансакциска сметка се префрлени финансиски средства за новороденчињата кои добиле решение за еднократна парична помош од Општина Аеродром**

| Број на родители на новороденчиња | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски (мајка) | Машки (татко) | |
| | 350 | 260 | **610** |
| Процент % | **57,38%** | **42,62%** | **100%** |

* Податоците прикажани во табелата се обработени заклучно со 31.12.2023 година.

**Табела 43: Податоци разделени според пол за бројот на првачиња кои добиле решение за еднократна парична помош од Општина Аеродром**

| Број на првачиња | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | 371 | 342 | **713** |
| Процент % | **52,03%** | **47,97%** | **100%** |

**Табела 44: Податоци разделени според пол за бројот на родители на првачињата на чија трансакциска сметка се префрлени финансиски средства за првачињата кои добиле решение за еднократна парична помош од Општина Аеродром**

| Број на родители на првачиња | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски (мајка) | Машки (татко) | |
| | 415 | 298 | **713** |
| Процент % | **58,20%** | **41,80%** | **100%** |

**Табела 45: Податоци разделени според пол за лица кои се пријавиле бесплатно да играат тенис за време на викендите на тениските терени на територијата на Општина Аеродром**

| | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на лица кои бесплатно играле тенис | 480 | 1.179 | **1.659** |
| Процент % | **28,93%** | **71,07%** | **100%** |

* Податоците прикажани во табелата се обработени заклучно со 31.12.2023 година.

**Табела 46: Податоци разделени според пол за граѓаните кои доставиле до Општина Аеродром барање за информации од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**

| | Пол | | Правни лица | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Број на доставени барања за информации од јавен карактер | 23 | 10 | 15 | **48** |
| Процент % | **47,92%** | **20,83%** | **31,25%** | **100%** |

**Табела 47: Податоци разделени според пол за граѓаните кои доставиле до Општина Аеродром претставки согласно Законот за постапување по претставки и предлози**

| | Пол | | Правни лица | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Број на доставени претставки | 0 | 4 | 1 | **5** |
| Процент % | **0%** | **80%** | **20%** | **100%** |

**Табела 48: Податоци разделени според пол за бројот на лица корисници на субвенции за велосипеди од Општина Аеродром**

| Број на доставени барања на субвенции за велосипеди | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | 101 | 84 | **185** |
| Процент % | **54,59%** | **45,41%** | **100%** |

* Податоците прикажани во табелата се обработени заклучно со 31.12.2023 година.

**Табела 49: Податоци разделени според пол за бројот на лица корисници на субвенции за е-тротинети од Општина Аеродром**

| Број на доставени барања на субвенции за е-тротинети | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | 30 | 44 | **74** |
| Процент % | **40,54%** | **59,46%** | **100%** |

* Податоците прикажани во табелата се обработени заклучно со 31.12.2023 година.